ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 11-127/2**

**Дата: 18.11.2011**

ДО
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Основен буџет – 631 за 2010 година на Дирекција за заштита и спасување (во понатамошен текст Дирекцијата).

Издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Дирекцијата за 2007 година, каде е изразено негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и мислење без резерва за законското и наменското користење на државните средства. Со ревизија беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, со констатација дека од дадените три препораки, две се спроведени, а една не е применлива поради измена на законската регулатива.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не бевме во можност да изразиме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, изразуваме негативно мислење.

За средствата, остварени од наплатени премии за осигурување на имот од пожар од осигурителните компании, Дирекцијата за заштита и спасување не располага со податоци за вкупната наплата како и сумата која што осигурителните компании се должни да ја уплатуваат. Ревизијата не ја потврдува комплетноста и реалноста на остварените приходи од наплатените премии за осигурување на имот од пожар во износ од 18.614 илјади.

Ревизијата препорачува да се воспостави навремена и целосна комуникација и размена на информации помеѓу Дирекцијата за заштита и спасување и Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како надлежен орган за контрола на работењето на друштвата за осигурување, со законска можност за дополнителна супервизија секогаш кога ќе се оцени дека тоа е во интерес и за заштитата на правата на осигурениците.

Преземени се обврски во вкупен износ од 7.877 илјади денари, по склучени договори за набавка на услуги без спроведена постапка за јавна набавка.
Со цел рационално и ефикасно искористување на буџетските средства, препорачуваме потребите за набавка на стоки, услуги и работи Дирекцијата за заштита и спасување да ги реализира со примена на постапките за набавка од Законот за јавните набавки.

Од страна на Дирекцијата за заштита и спасување не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законскиот рок.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 8 и 9 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Основен Буџет - 631 на Дирекцијата за заштита и спасување, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2010 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи на сметката на Основниот Буџет - 631 на Дирекцијата за 2010 година од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2007 година на сметката на Дирекцијата Основен буџет - 631, и е изразено негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и мислење без резерва за законското и наменското користење на државните средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Шабан Салиу – директор од 06.05.2008 година и
- Екрем Зендели – заменик директор од 12.08.2008 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Дирекцијата за заштита и спасување се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизија„, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Не се обезбедени достатни и соодветни податоци за целосноста на приходите по

основ на учество од 12% во наплатени премии за осигурување на имот од пожар од страна на осигурителните компании, кои се приходи на Дирекцијата. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 18.05.2011 до 15.07.2011 година, кај Дирекцијата на сметката Основен буџет - 631 од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година. Во Прилог 2 дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 26.08.2011 година.

Од страна на одговорното лице не се доставени забелешки на Нацрт извештајот во законски утврдениот рок.

### 4.1. Финансиски извештаи

4.1.1. Средствата во висина од 12% од наплатени премии за осигурување на имот од пожар, кои се наплаќаат од осигурителните компании, се приходи на Дирекцијата и истите имаат обврска да ги уплатуваат еднаш месечно на посебна сметка на Дирекцијата, согласно член 49 став 1 од Законот за пожарникарството. Овие средства се со утврдена намена и тоа за набавка на противпожарна опрема и средства за гасење на пожари за противпожарните единици. Дирекцијата не располага со податоци за вкупната наплата на премиите за осигурување на имот од пожар како и сумата која што осигурителните компании се должни да ја уплатуваат. Во текот на 2010 година Дирекцијата доставила барање за динамиката на уплата на средствата до осигурителните компании и можната процедура за увид во наплатените премии за осигурување на имот од пожар на

осигурителните компании во иднина. Доставено е известување само од една осигурителна компанија, со прилог документација за средствата од наплатените премии за првиот квартал од годината. Поради наведената состојба, ревизијата не ја потврдува комплетноста и реалноста на остварените/искажаните приходи од наплатените премии за осигурување на имот од пожар во износ од 18.614 илјади денари и истата има влијае врз реалното остварување на приходите на Дирекцијата како и нивната целосност и навременост.

Нагласуваме, дека согласно Законот за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на осигурувањето е надлежна за контрола на работењето на друштвата за осигурување, за дополнителна супервизија секогаш кога ќе се оцени дека тоа е во интерес и за заштитата на правата на осигурениците, како и супервизија на спроведувањето на одредбите од законот.

**Препорака:**

Дирекцијата да достави барање до Агенцијата за супервизија на осигурувањето за добивање на податоци за извршени контрола на работењето на друштвата за осигурување, месечни, квартални, годишни податоци и информации за наплатениот износ од осигурителните компании по основ на премии за осигурување на имот од пожар, доколку располагаат со истите или да достават барање како би се утврдиле реалните обврски што ги имаат осигурителните компании кон Дирекцијата.

Потребно е да се воспостави навремена и целосна комуникација за размена на информации помеѓу институциите кои учествуваат во наведениот процес заради целосен увид на побарувањата и приходите по основа на учество во наплатени премии за осигурување на имот од пожар.

### 4.2. Користење на средствата согласно законските прописи

4.2.1. Превземени се обврски во вкупен износ од 7.877 илјади денари, по склучени договори за набавка на услуги без спроведена постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 17 и 18 од Законот за јавни набавки (Прилог број 1). Доделувањето на договорите за јавни набавки во постапки кои не се во согласност со Законот за јавните набавки создава можност за ненаменско и незаконско користење на средствата, не обезбедува услови за фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**
Одговорното лице во Дирекцијата да преземе активности, потребите за набавка на стоки, услуги и работи да ги реализира согласно соодветни постапки од Законот за јавните набавки, со цел рационално и ефикасно искористување на буџетските средства.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од изнесените констатации во точката 4.1.1., е необезбедени податоци за висина на побарувањата по основ на учество во наплатени премии за осигурување на имот од пожар од страна на осигурителните компании, како и за целосноста и комлетноста на приходи по овој основ.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.1.1., ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Дирекцијата за заштита и спасување - сметка на Основен буџет - 631 на ден 31 декември 2010 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1.1. и 4.2.1., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Дирекцијата за заштита и спасување - сметка на Основен буџет - 631, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 19,284 | 23,047 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 117,508 | 96,366 |
| **Вкупно приходи** | | **136,792** | **119,413** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 2,006 | 212 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2. | 1,888 | 1,808 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3,894** | **2,020** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 61,190 | - |
| **Вкупно капитални расходи** | | **61,190** | - |
| **Вкупно расходи** | | **65,084** | **2,020** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **71,708** | **117,393** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 71,708 | 117,393 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 7,163 | 580 |
| **Вкупно тековни средства** | | **78,871** | **117,973** |
| **Вкупна актива** | | **78,871** | **117,973** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 7,160 | 580 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.2.2. | 3 | - |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.3. | 71,708 | 117,393 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **78,871** | **117,973** |
| **Вкупна пасива** | | **78,871** | **117,973** |